# ОБЈАВА

**Шаховски клуб на Ветерани Скопје72 - Скопје, заедно и во согласност со семејството СОТИРОВСКИ и логистичка подршка на ШК Алкалоид, а во спомен и незаборав за Шаховската легенда го објавува**

## ПРВИОТ МЕМОРИЈАЛЕН ВЕТЕРАНСКИ ТУРНИР „БЛАГОЈА СОТИРОВСКИ – ЏАГУРЕ“

Турнирот ќе се одигра на 6-ти и 7-ми СЕПТЕМВРИ 2025 г. во девет кола, швајцарски систем, во просториите на шаховскиот клуб АЛКАЛОИД, ул. „Јордан Мијалков“ бр.40 (по старо Железничка). На првиот ден (06.09.2025), ќе се играат 5 кола а останатите 4 во наредниот ден.

Турнирот ќе биде од полуотворен тип, а Организациониот одбор ја утврдува листата на учесници. Поради ограничени просторни можности, вкупниот број на учесници ќе биде лимитиран, и тоа: 24 од редовните активни членови на ШКВ Скопје72, 6 специјално поканети гости, и уште 6 истакнати ветерани - С60 (кои не се членови на ШКВ Скопје72) а ќе покажат интерес за учество. Така вкупниот број на учесници ќе биде до 36.

- Организациониот одбор го сочинуваат: Александар Сидоровски, Илија Стошевски и Љубомир Хаџи-Манев
- Директор на турнирот: Александар Сидоровски.
- Турнирот ќе се игра по правилата на ФИДЕ за забрзан шах. Играчите ќе имаат по 15 минути за партија со додавање 10 секунди по потез почнувајќи од првиот.
- Турнирски одбор (одлучува при евентуални спорови) се бира на почеток на турнирот.
- Турнирот ќе се рејтингува во ФИДЕ
- Главен судија на турнирот: Иван Кочовски, меѓународен судија а негов помошник Јовица Николовски, национален судија

Распоредот на колата:

- Потврда на пријавата (лично) на 06 септември заклучно до 10 ч.,
- Првото коло ќе започне веднаш после свеченото отворање и ќе се играат 5 кола.
- Вториот ден (07 септмври) ќе се играат останатите 4 кола, со почеток во 10,30 ч.
- Прогласување на победници и доделување на наградите ќе биде веднаш по завршеток на последното коло.

Прилог на учесниците кон организацијата на турнирот е минимално 500 денари или според можностите на учесниците.

Наградниот фонд, обезбеден од семејството Сотировски, изнесува 51.000 денари, распореден во пет награди:

I. 15.000 II. 12.000 III. 10.000 IV. 8.000 V. 6.000 денари.

Првопласираните тројца шахисти добиваат медали, а победникот и пехар.

При делба на место, редоследот на наградените се одредува според: 1. Бухолц -1, 2. Бухолц, 3. Прогрес, 4. Меѓусебна средба

Ги покануваме шаховските ветерани од град Скопје да се пријават за турнирот. Контакт телефон 074 / 205 236 – Илија Стошевски или на е-меил: veterani.skopje72@gmail.com

Скопје, 06.08.2025

ШКВ Скопје72

Претседател, инг. Илија Стошевски, ср